СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 декември 1996 година

Скопје, декември 1996 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД ПЕДЕСЕТ И ПЕТТАТА ( 55) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 18.XII.1996 ГОДИНА**

| Дискутанти: | ДНЕВЕН РЕД: |
|---|---|
| 1. АБДИ ФАИК - 2 | Точка 6-стр.2-Зак.за г.Скопје |
| 2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 12, 16 | Точка 7-стр.4 |
| 3. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 8, 9, 14 | Точка 8-стр.6 |
| (мин.за сообраќај) | Точка 9-стр.7 |
| 4. БОЈКОВ ИВАН - 16, 17 | Точка 10-стр.23 |
| 5. БИЛАЛИ МЕРСЕЛ - 51, 55 | Точка 11-стр.24 |
| 6. ЗИБЕРИ НАСЕР – 29 (мин.за труд) | Точка 12-стр.27 |
| 7. НИКОЛОВ ЈОВАН - 21 | Точка 14-стр.28 |
| 8. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 31 | Точка 15-стр.37 |
| 9. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 ( води седница) | Точка 16-стр.38 |
| 10 . ПОПОВСКИ НИКОЛА - 7 | Точка 17-стр.38 |
| 11. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 18 | Точка 18-стр.40 |
| 12. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 43, 48 ( мин.за правда) | Точка 19-стр.41 |
| 13. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 33 | Точка 20-стр.42 |
| | Точка -3-стр.43-Закон за кривична постапка |

**- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 декември 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во<-12,30 часот.

На седницата претседаваше господинот Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 55-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Марјан Начевски, Драган Митевски и Хисен Рамадани, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седница на Собранието.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше и мое име да му го честитам роден- денот на пратеникот Јордан Божиновски и да му посакам многу успех во работата добро, здравје и лична среќа.

(Аплауз)

По барање на министерот за правда Владо Поповски, кој поради неодложни обврски не е во можност да присуствува на почетокот на седницата предлагам предлозите на законите за кривична постапка, за извршување на санкциите и за прекршоците да ги разгледаме кога к’е пристигне министерот во текот на седницата.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласувате)

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за град Скопје, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и мислењето на Владата Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници како што ви е познато ние усвоивме закон за територијална поделба на Република Македонија и закон за град Скопје. Формиравме нова општина Шуто Оризари. Границите на општината Шуто Оризари, не беа наведени туку, само беше речено Горно Оризари, Долно Оризари и Шуто Оризари како населба.

Пред гласањето пред проверката на списоците за гласање утврдивме дека еден добар дел од делот што се вика Долно Оризари, ако некој бил од вас во Шуто Оризари од подвозникот нагоре од десна страна не е земено во предвид во општината Шуто Оризари. Тоа ни се виде многу ненормално, заради тоа што ако некој од хеликоптер одозгора гледа тоа ќе биде една целина, откај мостот па до Горно Оризари селото. Затоа јас предложив закон за измена и дополна на Законот за градот Скопје.

Владата ми одговори дека според "Службен весник ва Република Македонија" број 27/86) каде дефинитивно претставува катастарска општина и ги утврдува границите на општините, јас го земав овој службен весник на Македонија, го прочитав убаво и видов таму дека и пред тоа во другите службени листови од Бивша Југославија, весници

од Македонија дека имаме промени од 1933, 1939, 1966 и овој Службен весник на Република Македонија.

Мислам дека се прави една неправда према оваа општина додека пак Законодавно - правната комисија дава едно сосема друго мислење, кажувајќи дека во прашање е закон кој што подудара од некоја си правен аспект и тн. Се работи за функцијата на општината. Па според тоа му предлагам на Собранието да го донесе следниот заклучок:

Надлежните, значи Владата и кои што сте организирани и одговорни за катастарските општини, да подготват нови катастарски општини и нивни граници кои ќе бидат предмет на уредување на Законот за премер, катастар и за впишување на правата на недвижностите. Сметам дека со новата територијална поделба на Република Македонија овие работи од аспект на овој закон се доста замешани, а сигурен сум дека потекнуваат и од многу поодамна.

Бидејќи имаме и нови општини состојбата е уште полоша бидејќи според законот првите шест месеци ни останува еден делбен биланс меѓу 34 општини во Република Македонија а вториот делбен биланс меѓу старата општина и новите општини кои што произлегле од таа општина.

Само да ви кажам сликовито, вака изгледа Шуто Оризари

(покажува скица на пратениците).

Би го молел ова Собрание да донесе ваков заклучок, а Владата да се залага што побрзо да донесе закон за премер на катастарот и овој дел што природно припаѓа на оваа општина да го припои таму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно господине Фаик ние не можеме таков заклучок да донесеме да ја задолжиме Владата. Можеме да расправаме во врска со Вашиот предлог, или евентуален предлог. Заклучок немаме добиено.

Бидејќи имаме предлог за донесување на закон од Ваша страна ние по тоа мора да расправаме. Дали Собранието ќе го прифати или не го прифаќа предлогот, само врз основа на тоа ќе се произнесуваме.

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за градот Скопје.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Општата спогодба за привилегиите и имунитетите на Советот на Европа и на дополнителниот протокол кон општата спогодба за привилегиите и имунитетите на Советот на Европа со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Општата спогодба за привилегиите и имунитетите на Советот на Европа и на дополнителниот протокол кон Општата спогодба за привилегиите и имунитетите на Советот на Европа.

Кој е за, молам да крене рака? (47)

Дали има некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (57)

Дали има некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара; збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Општата спогодба за привилегиите и имунитетите на Советот на Европа и на дополнителниот протокол кон Општата спогодба за привилегиите и имунитетите на Советот на Европа.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за меѓународен патен превоз на патници и стока со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Можно ли е по повод на овој закон да бараме едно образложение пред Парламентот од господинот Бузлевски присутен министер за

сообраќај во врска со работите што се случуваат во патниот превоз на стока и патници помеѓу нашата држава и СР Југославија во светло на се поголемата соработка и се поголемите на општо поле со оваа држава, за што сведочат неколку ратификации денеска после генералната спогодба и се поголемите проблеми токму на ова поле кои произлегуваат врз основа на што трпи стопанството на Македонија, проблеми во превозот низ СР Југославија.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Спогодбата која што е потпишана и за која што денеска се предлага да се донесе закон е нормативен кат кој што е заклучен помеѓу нашите две држави за одвивање на патниот превоз и условите под кои што тој патен превоз треба да се одвива. Тоа е вообичаена постапка која што се спроведува заради утврдување на околностите под кои што ќе се одвива патниот превоз. Во основа се вградени одредби кои што се како резултат на едни претходно водени преговори помеѓу владите, помеѓу министерствата и експертските групи од соодветните ресорни министерства.

Во платформата што ја утврди Владата за отпочнување на преговори за одвивање на:патниот превоз ги вградивме нашите потреби кои што требаше во текот на разговорите да се презентираат во рамките на билатералните средби и во таа насока настапивме со два предлози.

Првиот предлог беше со оглед на тоа што се случува спогодба за слободна трговска размена помеѓу двете земји соодветно на тоа да се склучи спогодба за либерален превоз, затоа што превозот велевме дека треба да биде во функција на реализација на Спогодбата која што беше во тек на преговори, затоа што се преговараме и за тоа што конечно се заклучи.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Наидовме на став од другата страна кој што беше во основа со нивна определба, превозот да се врши со дозволи и тоа три вида на дозволи, билатерални, транзитни и за и од трети земји, со тоа што се предложи од нивна страна да се дадат соодветни контингенти на дозволи кои што беа далеку од нашата оценка дека тие дозволи ќе бидат во функција на реализација на претходната спогодба. Нашите настојувања беа да се зголеми контингентот на сите видови на дозволи и тоа соодветно се постигна со тоа што се обезбедија за 6-те месеци контингенти кои што прогнозирано требаше да бидат во функција на несметан превоз на стока во Сојузна Република Југославија и обратно од Сојузна Република Југославија во Македонија.

Заради интензитетот на стопанската соработка, последниве денови имаме недостаток на такви пред се, билатерални спогодби кои што го отежнаа транспортот на стока помеѓу стопанството на двете држави и ние перманентно, постојано, секојдневно настапуваме и како Министерство и преку дипломатските канали за надминување на таа состојба и очекуваме во текот на денот крајно неповолната состојба да ја подобриме и од утрешниот ден се воспостави соодветен тек на сообраќајот кој што треба да задоволи потреби на стоковната размена помеѓу стопанството од двете држави. Тоа е едниот момент, кој што е присутен и на кој што треба дополнително да се работи заради доследно спроведување на одредбите од Спогодбата кој што се спогодби потпишани од соодветните членови на Влада на двете држави.

Вториот момент, кој што е типичен и можеби единствен, како состојба не само за транспортерите од Македонија, туку и за сите

транспортери кои што сообраќаат на патиштата во СР Југославија е високите давачки по два основа, како патни такси кои што не се во функција на пропулзирање на превозот низ патиштата низ СР Југославија. Нивниот приод е преку фискални мотиви да ги надоместат нивните потреби кои што ги имале билансирано во соодветните финансиски документи кои што ги носи и Сојузното и Републичкото Собрание. Сојузното на Југославија, Републичкото на Србија. Нашите настапи беа дека е сосем поповолно да се намалат,нашите барања беа да се намалат давачките за одвивање на превозот по сите основи на СР Југославија, а со тоа да се овозможи низ Македонија и низ СР Југославија да транзитираат што поголем број на транспортни единици низ двете земји и по основ на зголемен обем на транспорт да се обезбеди исполнување на фискаланата цел што тие пред себе си ја поставија. Затоа што состојбата во 1990 година на полето на транзитот низ Македонија и натаму кон Европа беше дневно да транзитираат 600 товарни возила, а денешната состојба е со вакви давачки да транзитираат само 10 транспортни возила. Значи, понатамошни наши напори ќе бидат, оваа логика која што е присутна за транспортот и кон која што се придржуваат земјите кои што имаат изградено напредна транспортна политика да ја пласираме како потреба и таму и во понатамошните преговори на тој план да постигнеме поповолни резултати.

На нашата средба која што ја имавме на 1 октомври оваа година добивме цврсто ветување дека овие наши барања ќе бидат респектирани и дека во рамките на тоа ќе се води една поегзистентна политика за афирмација на овој транспортен коридор кој што треба што поинтензивно да се користи и таков приод да се има и во креирањето на

транспортната политика. Следен проблем кој што го имаме и непризнавањето на тировите во СР Југославија, иако тировите ги издава меѓународна асоцијација ИРО кој што тирови важат во сите земји членки на ИРО. Нивното објаснување и оправдуваше за овој период до сега непризнавањето на тировите е дека тие се со замрзнато членство во ИРО и оттаму тоа не се однесува не само на македонските транспортери, се однесува на сите кои што вршат транспорт низ СР Југославија и на тој начин сакаат да извршат притисок пред органите и телата на ИРО што побрзо да се разреши статусот на СРЈ во рамки на конвенцијата ТИР.

Следен проблем кој што го имаме и кој што влијае врз проблемите, како што беше овде со право истакнато, е непризнавањето на цен дозволите. Со оглед на тоа што Македонија преку членството на министерот аз сообраќај до конференцијата на министерот за сообраќај во Европа е обезбедено, аналогно на тоа се овозможи да се добие еден контингент на цен-дозволи кои што се најповолни дозволи во областа на транспортот во Европа кај членките кои што се во конференцијата на цен да одвиваат транспорт непречено и во број кој што за нив е потребен а со оглед на тоа што СРЈ сеуште не го има дефинирано членството во ЦЕН, тие на тој начин не само за Македонија, туку и за другите земји, непризнавајќи ги дозволите се обидуваат на таков посреден начин да извршат притисок исто така до органите и телата на конференцијата на министри на транспорт од земјите членки на ЦЕН, да се разреши побрзо статусот на СРЈ во рамки на таа асоцијација.

Тоа се четири пункта на проблеми на кои што се работи и ќе се работи, затоа што во спротивно ако не постигнеме позитивни ефекти на тој план, во делот на таа билатерална соработка, ќе ги имаме проблемите кои што се присутни, а наспроти тоа ќе ја имаме и сегашната состојба, многу корисници на транспортни услуги своите транспорти да ги усмерат преку другите коридори, како што се коридорот преку Грција со траект према Италија, оттаму во Централна Европа. Значи, останува потребата да се донесе овој Закон, меѓутоа да се продолжи на соработката, на преговорите за негово исполнување во наредниот период.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници.

Мислам дека колегата Поповски направи добро што добивме една опширна информација по однос на прашањето кое денеска е на дневен ред.

Јас само излегов на говорница да истакнам некои проблеми кои се јавуваат кај наши претпријатија кои што вршат ваков вид превоз и во врска со спогодбата да кажам дека до такви проблеми, кои како што министерот ги изнесе, меѓутоа јас ќе изнесам некои факти, всушност ќе побарам ако е можно да се даде одговор зошто некои работи не се спроведени од нашата државата спрема СРЈ, ако тие одредени мерки се спроведуваа и до сега додека ни е во сила спогодбата.

Имено, познато е дека транспортните претпријатија кои што беа порано регистрирани кои што имаа документи кои што важеа за поранешна Југославија, на пример линијата Струга - Белград или да кажам Дебарски Бањи - Белград, секој автобус при влезот во Србија досега плаќаа 105 марки при влез и тоа исклучиво во марки и при излез повторно уште 105 марки, значи 210 марки. Тоа секако го поскапува транспортот, тоа го плаќаат оние кои ги користат овие патни услуги, меѓутоа, имам сознание еве денеска патував на седница со автобус, па имам сознание до возачите на наведеното транспортно претпријатие сега "Југо - транс" дека на такви плаќања не подлежат автобусите кои што идат ос СРЈ. Мислам ако таква мерка не е спроведена, нема да кажам дека не е во ред, меѓутоа мислам дека реципроцитет треба да се применува во секој случај, бидејќи јас сум свесен дека нашите патувања се многу помали во споредба со линиите и патувањата кои што ги користат транспортерите од СРЈ према Македонија. Мислам дека тука сме направиле еден одреден пропуст кој што и финансиски се одразува. Свесен сум дека можеби требало така да се постапува, можеби, условно велам, виза ви разни состојби, меѓутоа, мислам дека доколку и натаму продолжи таа работа до стапување во сила на спогодбата дека треба таква работа да се применува. Мислам дека не треба да се пропушти. Посебно е прашањето, и мислам е дека тоа причината што колегата Поповски побара она што пишува денеска во Нова Македонија, мислам проблемот со камионите, со товарниот сообраќај, јас денеска исто така добив сознание дека 700 марки се плаќа за еден камион кој што пропатува низ СРЈ. Мислам дека таква работа е навистина многу скапа и

мислам дека треба да се најде начин како да се надминат овие состојби, бидејќи секој тоа повторно ги чини нашите граѓани и гие ги плаќаат тие услуги директно или индиректно.

Сега, кога сме кај спогодбата, да кажам дека во член 17 е регулирано прашањето на превозот на патници и со наведената спогодба ми се чини дека спогодба е во прашаше, не би можел да кажам дека е направен пропуст, меѓутоа, можеби ќе држи да се направи некој поголем напор бидејќи и натаму останува прашањето нерасчистено односно не е регулирано, прашањето на користењето на редовните линии во поврат, затоа што сум запознаен дека нашите превозници од СРЈ можат да превезуваат само наши патници кои што патуваат за Македонија, а не кои што патуваат и низ Југославија. Тоа прашање ми се чини, дека тука е решено до некаде дека треба со некои посебни дозволи, меѓутоа мислам дека таква работа не знам колку се спроведува во нашата држава но претпоставувам дека нивните автобуси возат од Скопје према СРЈ и наши патници. Мислам дека во оваа смисла треба да внимаваме и да одредиме и прашања, доколку не се наиде на разбирање да се применува реципроцитет.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со право се покренуваат и овие дополнителни прашања кои што, заслужуваат коментар во делот на превозот на патници. Значи, во патничкиот сообраќај. Тој се одвива реципроцитетно затоа што, ако имавте прилика во текот на оваа година, некаде на почетокот на оваа

година да се запознаете, Владата донесе одлука за воспоставување на реципроцитет во делот на давачките кај автобусите со кои што се одвива сообраќајот. На таа одлука имавме реакција по дипломатски канали и се договоривме, бидејќи се појави потреба од изедначување на давачките, тие да ја повлечат таа одлука која што ја имаа донесено за давачките во превоз на патници со автобуси, а и ние да ја повлечеме од важност таа одлука. Ние во истиот ден, во истиот час, тоа го направивме и досега превозот се одвива по тие одлуки. Инаку, со нашите прописи имаме комплетна изедначеност на возилата кои што по сите основи вршат патнички или товарен транспорт од СРЈ како и сите други странски возила во земјата. Тоа е вториот момент.

Третиот момент е во делот на патничкиот сообраќај сеуште тој се одвива врз неутврден извозни редови за кои што потреби треба да се седне со двете страни за утврдување на возните редови, но и со каботажа на патници. Тоа значи на воспоставената линија, а се почитува возниот ред утврден во 1990 година, на воспоставената линија од транспортерите од Македонија им е дозволено, сеуште им е дозволено да примаат во автобусите патници од меѓуградските станици низ СРЈ. Тоа е точно. Меѓутоа, со спогодбата сега која што се предлага, и законот по таа спогодба каботажата не е дозволена, а со што се изедначува третманот на автобускиот превоз, како и со сите други земји во светот. И тоа е еден напредок, иако е неповолен од материјален и финансиски аспект за нашите авто превозници, меѓутоа, е интегративен и како таков треба да се респектира.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Воопшто не излегов на говорница да реплицирам, бидејќи не ми е целта реплицирање, само да кажам дека овие сознанија денеска што ги имав директно по однос на приемот на патници, односно т.н. каботажа не е дозволена, конкретно зборувам за "Југотранс". Денеска се запознав со ова. Затоа велам дека овие работи се вака. Можеби вие имате сознанија јас немам ништо против ако е така со другите претпријатија, меѓутоа, конкретно не се дозволува ни да се влегува во поранешно Светозарево, Ниш и т.н. Не се дозволува автобусите да влегуваат. Конкретно, кажав, за "Југостранс" зборувам.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Овие проблеми навистина се многу денеска елаборирани, што се отворија и ќе ни треба навистина многу време да ги осознаеме и понатаму да бараме решенија за нив. Министерот ги кажа само оние актуелните, најакутните во овој момент кој што имаат рефлекс врз работата на целокупното наше стопанство.

**ИВАН БОЈКОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тие проблеми се од огромна важност и делуваат главно и на стопанската моќ, конкурентност и рентабилност на нашите претпријатија, односно во оформувањето и на вкупната цена на нашиот производ.

Не би ги повторувал оние работи што беа кажани, меѓутоа, еве како колеги ако само го знаете фактот дека цената на нашиот производ на еден камион кој патува кон Европа ги оптоваруваат трошоците во висина цирка 2,5 илјади марки само во поминувањето на границата спрема СРЈ и враќање во Македонија. Значи, во двата правци околу 2,5 илјади марки само трошоци кои се одлеваат во СР Југославија. Тоа е оној дел за фискалната политика на СР Југославија што го елаборираше министерот. Тоа е една огромна бројка која не може навистина да даде една разумна цена на превоз во овој период кон Европа. Ние зборуваме за либерализација на односите со СР Југославија на секој план, а утврдивме билатерални дозволи, а во спогодбата е речено освен доколку Мешовитата комисија не одлучи поинаку, односно Мешовитата комисија може да одлучи да нема условувања со дозволи меѓу двете страни. Факт е дека таа Мешовита комисија уште не е ни конституирана. Значи, интензивно треба да се работи од наша страна побрзо да се конституира таа мешовите комисија, бидејќи со евентуално такво решение многу работи ќе се олеснат.

Беше елабориран проблемот што значи фреквенцијата транзит низ Македонија па и понатаму низ Србија, на патиштата кон Европа, во свое време, на 500 до 600 возила дневно, а денес од 10 до 20 возила. Тоа е една бројка на камиони кои не транзитираат низ Македонија, чиј приход ние не го приходуваме, меѓутоа, еве за тоа како никого да не го боли

глава, а за возврат на тоа робата си наоѓа свои нови правци и дневно од 40 до 60 фериботи транзитираат, односно поаѓаат од грчките пристаништа кон Европа. Значи, робата нема да чека решавање на проблемите меѓу Југославија и Македонија или меѓу овој дел на Балканот, туку робата полека си наоѓа нови патишта и тие нови правци тешко понатаму ние дека ќе можеме да ги насочиме кон овој наш правец, бидејќи факт е дека Грците тука веќе не транзитираат, а во свое време навистина патиштата беа преполни со грчки камиони и камиони од цела Европа. Јас сум во тек, знам дека нашето министерство и министерот со неговите луѓе многу активно и секојдневно работат на овој проблем. Дел од проблемите се решени и видливи, меѓутоа, очигледно е дека многу повеќе треба да се работи овие недостатоци навистина да се отстранат и во праксата да заживее во целина најавената либерализација на односите во стопанството меѓу двете земји.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани министри и пратеници, добивме едно прецизно, концизно и јасно образложение од министерот што се случува на релацијата меѓу нашата држава и СР Југославија на ова поле и ние сме благодарни за тоа. И јас лично, особено што спаѓа во доменот на односите кои ова Собрание ги уредува и очекува од нив резултати.

Она што сакав да го покренам и да го извлечеме како поука и заклучок од ова Собрание. а мислам дека би било тоа и некаква поука за Владата е следното, а по повод овој закон. Нашите односи со СР

Југославија, особено после симнувањето на санкциите и меѓународната изолација на северниот сосед тргнаа по нагорна линија. Тие односи на вкупен план се подобруваат. Се разбира дека во некои делови од соработката одиме побрзо, во некои поспоро. Ако можеме да направиме некаква градација, сигурно дека има и проблеми кои ги оптоваруваат односите меѓу нашите држави. Да речеме типичен проблем од кој произлегуваат побројни проблеми е прашањето на сукцесијата на СФРЈ. Или, ако можеме глобално после потпишувањето на спогодбата да расправаме, ние можеме да извлечеме неколку заклучоци.

Прво дека политичките односи се подобруваат, дури мислам дека е фер да се истакне од оваа говорница дека од таа страна имаме и пробив со еден нов квалитет во односите на Македонија со соседите. Да речеме, СР Југославија е единствениот сосед кој не призна под уставно име, кој го признава постоењето на македонскиот народ во спогодбата која е потпишана и во сите спогодби признава потпишување на официјалните јазици и го спомнува македонскиот јазик. Значи, тој е единствен од четирите соседи кои не го негира постоењето на македонската држава, македонскиот народ и македонскиот јазик.

Се разбира дека има и други политички проблеми, кои од друга страна ги оптоваруваат односите. Меѓутоа, ако направиме поглед од економски аспект, сигурно дека полето каде што соработката меѓу двете држави остварува најголем пробив е економската соработка, особено после потпишувањето и ратификацијата од двете страни на спогодбата за слободна царинска трговија меѓу двете држави. Меѓутоа, поуката што треба да ја извлечеме е следната. Со држави со кои односите во целина ги уредуваме на економски план билатерално, не треба да дозволиме таму каде што едната страна е позаинтересирана, спогодбите - таа

спогодба за слободна царинска трговија за нас има огромно економско значење. За СР Југославија таа спогодба беше прва и има покрај економско, многу повеќе и политичко значење, кој ја извлече од меѓународна изолација, која покажа за таа држава дека може економски да соработува на принципиелни билатерални односи и со други страни кои се членки на Обединетите Нации, меѓународно признати, неизолирани и тн. За нив таа спогодба имаше и друга тежина отколку за нас, гледано чисто како економска тежина.

Меѓутоа требаше нашата Влада, па можеби и нашето Собрание во тој момент на расправи и ратификација на оваа спогодба да укаже дека нашата Влада требаше економските односи со СР Југославија да ги уредува во пакет. А тоа значи таму каде што ние има- ме проблеми во економските односи, особено во оваа сфера, сообраќај која формира 15-20% од општествениот производ на Македонија, каде што ние имаме развиена транспортна индустрија да речам, транспортен сектор, тие односи да бараме да се уредат во пакет со останатите односи, кога се уредуваа за слободна царинска трговија, за укинување на царинските бариери и тн. Затоа што сега пост фестум ние можеме да добиваме одговори дека за некои работи каде што сме ние позаинтересирани, затоа што нашите патишта водат понатаму, имаме, како што кажа министерот и проблеми кои очекуваме, меѓутоа не сме сигурни, меѓутоа брзо и за нас прифатливо ќе се надминат. Така што треба да извлечеме една поука дека некогаш некои од спогодбите се водат во пакет до крајните услови, за да не се доведеме во позиција на некои од пунктовите натаму како држава да создаваме проблеми во односите со држава со која верувам дека не не оптоваруваат на економски план многу проблеми.

III/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господинот Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, гледајќи ја спогодбата можеме да видиме дека се работи за спогодба која ги регулира односите на превозот на стока и патници. Во спогодбата нема ништо во делот на реципроцитетот на употребата на службени возила.

Денес се случува наши службени возила, ако наши граѓани бидат повредени во СР Југославија и наше службено возило ги пренесе спрема државата се плаќаат огромни средства, затоа што ќе влезе тоа службено возило или обратно, ако одредени наши болни на кои им треба висока здравствена заштита и се транспортираат до медицинските здравствени установи во СР Југославија, исто така, возилата плаќаат огромни давачки за користењето на патиштата.

Мислам дека во рамките на спогодбата треба да се земе предвид, затоа што ние сме земја која граничи со СР Југославија, ни се случуваат вакви потреби било да се транспортираат болни во еден или во друг правец и користењето на овие возила е оптоварено со огромни материјални трошоци, па мислам дека треба особено да се обрне внимание во тој дел на користењето на службените возила.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Захлучож:

III/6.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Преминуваме на 10-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за регулирање на граничниот железнички сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за регулирање на граничниот железнички сообраќај.

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

55 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за регулирање на граничниот железнички сообраќај.

Преминуваме на 11-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за заемно поттикнување и заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

III/9.-

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за заемно поттикнување и заштита на инвестициите.

Кој е за, молам да крене рака?

54 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Ве молам, колку пратеници се присутни во салата?

(По пребројувањето на присутните пратеници).

Ова гласање не може да се прифати, со оглед на тоа што во салата се присутни 58 пратеници.

(После кратко време во салата влегуваат неколку пратеници).

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

57 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој).

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Значи, некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за заемно поттикнување и заштита на инвестициите.

IV.-/1. ДВ/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на 12-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација за редовен воздушен сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со, Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу република Македонија и Швајцарската конфедерација за редовен воздушен сообраќај.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлог на оваа седница да се претрес и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлог на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација за редовен воздушен сообраќај.

Сега ќе ја прескочиме 13 - точка бидејќи не е тука г-динот Фрчковски, а тој најави дека ќе дојде во 1400о часот, па неа ќе ја разгледуваме откако ќе дојде тој.

Минуваме на <u>14-та точка</u> - <u>Предлог за донесување на закон за инспекцијата на трудот.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Насер Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Како што е познато сегашниот закон за инспекција на трудот е донесен пред повеќе години, во услови на постоење на друг правен политички и економски систем, кој се засноваше на општествената сопственост, организирана во основни и други организации на здружен труд и во време кога општините беа субјект на власта со сопствени извршни и управни органи и во рамките на кои се вршеа работи на инспекцискиот надзор во областа на трудот. Во тој период инспекцијата на трудот беше организациски поставена на две нивоа и тоа: Како првостепен орган во општините и второстепен орган на ниво на Републиката.

Промените во општествено економскиот систем, новата поставенсот на државната управа, трансформацијата на општините во локална самоуправа ја детерминираа и новата организациска и функционална поставеност на инспекцијата на трудот која треба и нормативно да се уреди и усогласи со фактичките состојби и потреби.

Денес во услови на отворен процес на трансформација на општество вените односи и на приватизација на општествениот капитал кој, во таканаречениот период на транзиција на општеството беше проследен со вистинска експанзија на самостојни дуќани, приватни претпријатија, зачестени стечаи, штрајкови, но и повреди на правата на работен однос и заштита при работен однос, неправилности при работењето, неисполнување на обврските за плаќање на даноци од придонеси, улогата на инспекцијата на трудот ја прави уште поактуелна и од неа се бара поголема ефикасност, оперативност, што не може да се постигне без соодветна законска регулатива на нејзините овластувања.

IV.-4.-

Со овој закон се уредува организационата поставеност на инспекциајта на трудот, нејзините овластувања и постапката за вршеше на работите на инспекциskиот надзор.

Како што може да се забележи со овој закон кој влегува во групата на организациони прописи не е уредена надлежноста односно основаноста на преземање на мерки, бидејќи тие прашања се регулираат со материјални закони во областа на трудот, како што е законот за работни односи и законот за заштита при работа и законот за вработување.

Сметаме дека со овој закон се создаваат услови за непречено вршење на работите на инспекцискиот надзор во областа на трудот од страна на Републичкиот инспектор на трудот кој се распоредени во подрачјата на целата држава.

Со законот се уредува самостојноста и независноста на инспекторите на труд за вршење на инспекцискиот надзор и нивно овластување во вршење на надзор. Оваа определба е во согласност и со меѓународните конвенции за инспекцијата на трудот, а кои нашата држава ги има преземено.

Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот на труд има овластување да ги прегледува сите работни простории и места на работодавецот. истовремено инспекторот на труд може да нареди на работодавецот отстранување на утврдените неправилности и недостатоци во при- мената на прописите над кои врши надзор и да ја забрани работата на просторијата на работодавецот. Меѓутоа секакво самоволие на инспекторот за труд е исклучено бидејќи постапката на инспекцискиот надзор е строго озаконета и се води според одредбите на законот за инспекцијата  на трудот и правилата на управната постапка.

Против секое решение на  инспекторот на трудот може да се поднесе жалба односно да се води управен спор.

Доменот на инспекцискиот надзор се протега главно на три големи сфери во обласа на трудот и тоа:

- работните односи;
- вработувањето;
- заштитата при работа.

Инспекцијата на трудот на тој начин врши надзор над примената на законите и другите прописи за работи односи, вработуваше и заштита при работа, но и над колективните договори, договорите за работа и другите акти со кои се уредуваат и остваруваат правата , обврските и одговорностите на работниците и работодавците во обласа на работните односи и заштита при работа.

Сметаме дека со донесувањето на овој закон ќе се постигне основната цел - унапредување на работата на инспекцијата на трудот и обезбедување на непречен и ефикасен инспекциски надзор над примената на прописите за работни односи , вработување и заштита при работа, кои се од потребен интерес и значење за државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Во интерес на времето јас, некои мои размислувања односно сугестии ќе ги приложам да влезат во стенографските белешки, што

IV.-6.-

мислам се со добра намера за подобрување на некои решенија во делот на текстот што се содржани во законот.

Имајќи предвид дека немам крупни односно суштински забелешки на законот, дозволете ми текстот да го приложам.

Причините кои се наведени за донесување на закон за инспекција на трудот, јасно укажуваат на обврската и потребата за усогласување на постојниот, со одредбите на Уставот.

Постојниот закон како преземен закон со содржаните решенија се покажа како неодржлив, бидејќи содржи одредени недостатоци, па за таа цел неопходно е истиот да се усогласи со новите услови и потреби.

Основните начела врз кој се засновува законот по мое мислење наполно ја оправдуваат содржината на предложениот закон односно предлогот за донесување на закон за инспекција на трудот.

Некои суштински забелешки на глобален план гледано, по мое мислење, не постојат. Но воедно сакам да сугерирам дека во делот на законот каде што се зборува за стручната способност на инспекторатот, освен наведените струки треба да стои струката - дипломиран рударски инженер.

Имајќи ги во вид специфичностите во областа на рударството со површински, а посебно подземен коп, поготово делот на техничката заштита, како и проблемите кои постојат во организирањето на процесот на трудот, превентивната потреба од заштитата на трудот, големиот број на трудови инвалиди, професионални заболувања и слично наполно ја оправдуваат идејата во законот за инспекција на трудот да се внесе и струката дипломиран рударски инженер.

Искуствата и сознанијата говорат дека во досегашната практика покриеноста на техничката заштита, по готово во рудниците си ја организираа и вршеа самите претпријатија. Со новите услови потребата од покриеност е повеќе од потребно.

Иако бев краток, сепак, мислам дека бев добро сфатен. Во колку има потреба за додатни аргументи во понатамошната фаза на расправата ќе ги истакнам.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во интерес на времето исто така ќе бидам многу краток.

Периодот после 1990 година , популарно наречен транзиција се карактеризира со промени во економско политичкиот систем на државата кои донесоа појави несвојствени или малку присутни во системот во кој што бевме 45 години.

Процесот на приватизација исфрли на површина нов слој на луѓе, бизнисмени, кои користејќи ги новите услови и можности за профити стекнаа, благодарејќи на своите способности, голем капитал. Желбата аз брзо богатење кај некои од нив ги натера да изнајдат начини да го избегнат плаќањето на обврските кон државата, се мисли на придонесите за инвалидско и пензиско и здравствено осигурување. Од друга страна приспособувањето ан новите услови на стопанисување однесе многу претпријатија под стечај, а нивните вработени на улица. Се зголеми и бројот на вработени прогласени како технолошки вишок.

Наоѓајќи се во незавидна ситуација, притиснати од егзистенционалните проблеми голем дел од невработените беа присилени да прифатат било каква работа и под било какви услови, кои

обично се сведуваа на мала плата н на неплатени придонеси. Кон ова секако треба да се додаде и однесувањето на поедини општествени фирми кои купувајќи го мирот внатре изнаоѓаа не законски начини на плаќање односно делење на плати со цел да го избегнат планирањето на обврските кон државата. Сето ова предизвика две големи последици и тоа: празнење на државните фондови и ставање во нерамномерна положба на горе споменатите вработени во однос на останатите, поради што истите со месеци па и години немаа уплатувано за пензиски стаж. Последиците од ова не се осеќаа во моментот, но драстично ќесе реперкуираат во нивната иднина.

Сите овие појави присутни во последните шест години го зголемија значењето на инспекцијата на трудот која стана еден од основните инструменти во отстранувањето ан споменатите неправилности. Поради ова, но и поради усогласувањето на одредбите од Уставот, новиот закон за работни односи и меѓународната конвенција за инспекција на трудот, донесувањето на овој закон е неспорно, па дури би рекол и многу потребен

Би сакал да кажам неколку збора во однос на самиот текст на законот.

Прво во однос на член 8.

Мислам дека не е срекно решение, кое се протегнува од претходниот закон, а во кое институтот инспектор на труд опфаќа две области: заштита при работа и прописи од работните односи и вработување.

Потребно е да се изврши стриктна поделба на инспекција на трудот која би вршела надзор на примената на закони и прописи од областа на работните односи и вработувањето и инспекција за заштита од работа, и тоа од следните причини:

Прво поради различната проблематика на работењето.

IV.-9.-

Второ поради различниот профил на инспекторот.

Со проблематика од работни односи може да се занимава лице со завршен правен факултет.

Со проблематика од заштита при работа може да се занимава лице со машински факултет, градежен, архитектонски, електротехнички факултет и факултет за заштита при работа како што стои во законот, член 8.

Не може да се очекува толкување на законска регулатива од работни односи и управна постапка од лице со завршен градежен факултет и обратно заштита на работа од лице со правен факултет.

Друга забелешка е следната.

Дали едно од начелата на самостојност на инспектор на труд не се коси со вториот став од член 6 на предложениот закон кој зборува за правото на главниот републички инспектор"да му издава наредни, инструкции и упатства на инспекторот за вршење на инспекциски надзор".

Потребно е во подзаконските акти да се допрецизира во кои случаи би важела оваа одредба за да би се спречил субјективизам и злоупотреба. Треба да се поддржи првиот дел на првиот став на член 10 дека инспекторот е овластен во секое време во тек на денот и ноќта да влезе кај работодавецот без претходно најавување. Но, не би се согласил со делот како што се вели: " И без оглед на работното време кај работодавецот".

Доколку тоа се однесува на контрола на придржување на работното време се прифаќа, но не се прифаќа доколку се мисли на инспекцискиот надзор, на документи и придржување на други прописи од работните односи.

Понатаму имам две забелешки во однос на член 15 , прво во однос на првиот став.

Мислам дека тука треба да се изврши една преформулација, по мене би требало да биде вака:- Инспекторот е должен да го разгледа секое барање на работникот заради остварување односно заштита на правата од работниот однос и заштита при работа и доколку е основано да покрене постапка . Еве зошто така мислам:

Не би требало да постои автоматизам помеѓу барањето на работникот заради остварувањето заштита и поведување постапка. Потребно е да му се даде право на инспекторот да утврди основаност на барањето се со цел да се овозможи ефикасно работење. Во спротивност постои опасност од расплинувањето во работењето на инспекторот во случај на голем број барања.

Понатаму во однос на став 2 од член 15 кој гласи: " Барање од став 1 на овој член работникот може да го поднесе писмено или да го изјави усмено пред инспекторот"."Вториот дел да го изјави усмено пред инспекторот" потребно е да се брише. Образложение: со ова се одбегнува можноста од злоупотреба од страна било на странката или на инспекторот и го зголемува дигнитетот на постапката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за инспекцијата на трудот;

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието;

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (57)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на <u>точка 15</u>- <u>Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој ен бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка 16 - Предлог за разрешување на судијата д-р Кирил Чавдар од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор ? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот за разрешување на судијата на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (53)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го разреши д-р. Кирил Чавдар од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Минуваме на точка 17 - Предлог за разрешување на судијата Јован Калајлиоски од функцијата судија на Врховниот суд на република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

IV.-13.-

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот за разрешување судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (52)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го разреши Јован Калајлиоски од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија по негово барање поради остварување на право на пензија.

Ја користам оваа можност во Ваше име да им се заблагодарам на досегашните судии, д-р Кирил Чавдар и Јован Калајлиоски за вршењето на оваа одговорна функција и им посакувам долго здравје и долга пензија.

V/1

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точка 18 - Барање за давање на автентично толкување на членовите 18 и 21 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" бр. 34/92, 62/92, 63/9 3/93, 4/93, 80/93 и 42/95) поднесен од А.Д. "Пазари - Битола.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија, Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок :

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членовите 18 и 21 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" бр. 34/92, 62/92, 63/93, 4/93, 80/93 и 42/95) поднесено од А.Д. "Пазари - Битола не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овие членови, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до А.Д. "Пазари" - Битола.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

Педесет и пет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Молам да се избројат колку пратеници се присутни во салата

64 пратеници се присутни.

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

V/2

Минуваме на <u>точка 9</u> - <u>Барање за давање автентично толкување на членот 7 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир "Службен весник на РМ"бр. 22/72, 29/83, 51/88, 19/90 и 26/91) поднесено од Советот за превентива против малолетничка деликвенција во Кавадарци.</u>

Барањето и извештајот на Законодавно правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање на автентично толкување на член 7 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир ("Службен весник на "М" бр. 22/72, 29/83, 51/88, 19/90 и 26/93) поднесено од Советот за превентива против малолетничка деликвенција од Кавадарци не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Советот за превентива против малолетничка деликвенција во Кавадарци.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

V/3

Минуваме на точка 20 - Барање за автентично толкуваше на член 1 од Законот за висината на стапката на затезната камата ("Службен весник на РМ" бр. 65/92 и 70/93), поднесен од приватното претпријатие за трговија и внатрешна и надворешна шпедиција, изнајмување на филмови и видео касети увоз извоз П.О. "Вилком"-Битола.

Барањето и извештајот на Законодавно правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 1 од Законот за висината на стапката за затезната камата ("Службен весник на РМ" бр. 65/92 и 70/93) поднесено од приватното претпријатие за трговија внатрешна и надворешна шпедиција, изнајмување и дистрибуција на филмови и видеокасети, увоз - извоз П.О. "Вилком" -Битола не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на РМ.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно правната комисија на Собранието на РМ да се достави до приватното претпријатие за трговија, внатрешна и надворешна шпедиција, изнајмување и дистрибуција на филмови, видеокасети, увоз - извоз П.О. "Вилком" - Битола.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против ? (не)

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Се враќаме на третата точка.

Минуваме на точка три.

Предлог на закон за кривична постапка.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува до двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, со намера во едно кратко, уводно излагање сакам да го одбележам фактот дека Парламентот на Собранието на РМ пристапува кон донесување на еден од најзначајните закони во областа на правосудството, Законот за кривичната постапка.

Овој Закон не е само еден од најзначајните во областа на правосудството туку тој е еден од најзначајните во областа на правата и слободите на граѓаните, што значи дека на најпримерен начин нив ги тангира и според тоа потпаѓа под универзалните и регионалните стандарди поврзани со заштитата на правата на човекот и граѓанинот.

Овој закон е резултат на потребата, Законот за кривичната постапка да се усогласи со стандардите на ООН, со фактот за граѓанските права, со Европската конвенција за човековите права и се

разбира со Уставот на РМ од 1991 година, кој што во делот Корпа на слободи и права на човекот и на граѓанинот ги има цитирано овие меѓународни акти, а постојните законски норми во областа на кривичната постапка беа практично рестриктивни или не содржеа голем дел од тие слободи и права на човекот и на граѓанинот.

Овој предлог закон, или овој проект закон е правен во една подолгорочна постапка од страна на бројна, стручна група составена од високо компетентни лица од правната наука и од правната струка во рамките на РМ . Правен е на систематски начин. Одржани се во таа насока повеќе облици на расправи и на анализа на предлозите од страна на друштвото за кривично право на криминолозите и одржани се во три судски центри во седиштата на апелационите судови во Скопје, Штип и Битола исто така општини , регионални расправи во врска со законот за кривичната постапка.

Законот за кривичната постапка исто така е рецензиран од страна на Европскиот совет, па во експертизата на Европскиот совет покрај вообичаените конкретни сугестии и предлози стои општата оценка дека Законот што се однесува до правата и слободите и до стандардите на Европското право или на компаративното право и универзалните регионални стандарди не содржи никакви проблеми.

Голем број од тие предлози и забелешки од експертизата на Советот на Европа се акцептирани и внесени во Законот за кривичната постапка.

Во рамките на законот за кривичната постапка се внесуваат важни новини, па во таа смисла сосема накусо ќе илустрирам дел од нив за да се види дека практично тој веќе се усогласува со Уставот и со овие меѓународни норми.

Првото поле кое што е многу сензибилно е пред кривичната постапка или односот на полицијата и граѓаните. Тука комплетно се елаборирани решенијата на Уставот на РМ , исто така, определени конкретно одредби од Пактот за граѓанските права и од членот 6 на Европската конвенција за човечките права кои што се јавуваат како меѓународни норми од типот на ЈУСКОГЕНС и кои што се опфатени во општите начела на кривичната постапка. Лицето во таа смисла има систем на гаранции во однос на заштитата на својата слобода во рамките на преткривичната постапка во однос на полициските власти.

Ние во основниот текст прифативме една сугестија од Советот на Европа , сите нужни упади на полицијата при постоење на релевантно сомнени дека е сторено кривично дело и дека станува збор за сторите на кривично дело, но кој што сеуште е под призумцијата на невиност дека мора да бидат строго утврдени во постапка и поставени под судски надзор. Меѓутоа ние во меѓувреме ја следевме постапката во однос на постојниот Закон за кривична постапка што се одвиваше пред нашиот Уставен суд и кој што во децидниот член од Уставот дека никому не може да му се скуси слободата или да биде лишен од слобода без судска одлука, ја следиме логиката дека нашето уставно судство, кое што конечно ги санкционира сите закони, во тој случај ќе го санкционира односно ќе санкционира и одделни решенија од Законот за кривичната постапка, се определува за едно јасно така да кажам за еден јасен и тврд став дека без судска претходна одлука не може ниту едно лице присилно да се доведе во полицијата. Што значи дека тој стандард е повисок отколку оној што беше сугериран од Советот на Европа и кој што можеше да значи апостериорна верификација на законитоста на постапките на полициските органи.

Гледам дека има амандмани во таа смисла за да се укаже дека полицијата на таканаречените повикувања заради информации да мора

да располага со претходна судска одлука, најавувам дека таков амандман и Владата подготвува имаат и пратениците и ќе видиме што значи односно ќе бидеме отворени на прием на таа норма, односно на подигнување на нивото на заштитата и на гаранцијата на слободата на граѓаните.

Тука се присутни сите оние други норми што нашиот Устав ги познава, но и меѓународните норми дека полицијата може во преткривичната постапка да повика лице дека повторно не може да го повика лицето не мора да даде изјава, а во самата кривична постапка исто така правото што со Устав е дадено на полицијата да може да го задржи најмногу 24 часа, може да се толкува само на начин дека таа нема во секој случај право на 24 часа , туку во рок од 24 часа што поскоро да го изведе пред суд. При тоа, на тоа поле гаранциите се продолжуваат на граѓанинот , затоа што тука се признава една двократна надлежност. Истражниот судија како поединец атхок треба да донесе одлука дали ако постојат причини за негово ослободување веднаш да го ослободи, но ако постојат причини за отворање на притвор, тогаш со жалба второт степен на истражниот суд односно во Советот тројца треба да се донесе таква одлука.

Во тоа поле се внесени сите гаранции кои што ги познава компаративното право. Правото да се молчи, правото да не се дава изјава, забраната да се присилува граѓанинот да даде изјава, правото да не се дава изјава за блиски свои, правото на бранител уште пред кривичната постапка, правото на запознавање на бранителот со списите евентуално ако лицето се решило да даде самиот изјава на запознавање од страна на бранителот на тоа лице, па во таа смисла ние имаме еден концепт на кривична постапка кој што целосно ги респектира прашањата на гаранциите на слободите на граѓаните.

V/8

Второ поле кое што претпоставувам дека ќе предизвика интерес и расправа и општа и амандманска со оглед на структурата на РМ, на структурата на граѓаните, со оглед на националната припадност се прашањата на употребата на јазиците на националностите во кривичната постапка. Во рамките на основниот текст ние имаме понудено решение кое што се држи до стандардите на Европската конвенција за регионални, малцински јазици и кое што ги содржи кумулативно стандардите , почнувајќи од алинеја 2, и завршувајќи комплетно со последната алинеја на таа конвенција.

VI/1/JM/лј

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Што значи дека Законот за кривична постапка претпоставува висок стандард. Со оглед на амандманите кои што можев да ги погледам и претходните расправи по ова прашање и со оглед на образложението на текстот кој што е правен од стручното лице што беше главен носите на истражувачкиот тим и на тимот на изготвувањето на овој закон има место да се прецизира дека употребата на јазикот на националноста, на припадник на националност е право на припадникот на националност и дека тоа се остварува со изјава на припадникот на националност за користење на тоа право. Во таа смисла може да претрпи извесна реакција членот 7 во соодветниот став 2.

Законот за кривичната постапка ако се земе на релација со другите закони во правосилната област, а тоа со кривичниот материјал' законик кој што го донесовме и со Законот за јавното обвинителство може да се покаже дека практично ги проширува зоните на приватноста, или на слободата и гаранциите на слободата и на правата на лицата. Во таа смисла особено обезбедувањето на домот на живеењето, неговата писмена комуникација понатаму и другите права поврзано со материјалните норми се прошируваат не само на домот, туку и на просторот на домувањето, се поврзуваат исто така и со просторот на професионалното работење на лицето, а во врска со законот за јавното обвинителство се проширува правото на јавниот обвинител во кривичната постапка во случаите на сложени кривични дела самиот тој да раководи со инспекторите, или со дел од криминалната полиција и на тој начин практично да се стесни полето на дискреционото право, или на нејавнато неконтролирано право на постапување на самата полиција. Една од новините која што е изразена во еден член, меѓутоа означува еден квалитетен исчекор на линија на улогата на полицијата и на контролата од другите правосудни органи во областа на кривичната

постапка е обврската на полицијата и тогаш кога непокренува кривична пријава, а имала контакти на кои со граѓани кои што се оствариле според потписите на овој закон за кривична постапка. Значи, доколку доброволно се одзвал граѓанинот, доброволно да изјави и сл., а сепак не произлегла кривична пријава од тие контакти. Тука постои обврска, или должност полицијата одвреме навреме да ги известува органите на јавното обвинителство за активностите и за контактите со граѓаните. На тој начин значи, полицијата преку повеќе облици и решенија се става во позиција на транспарентна институција, институција чии што постапки најмногу ќе бидат контролирани. Во целина земено станува збор за закон кој што претставува така да се каже прва фаза од реформата на кривичниот законодавство во областа на процесната материја бидејќи пошироки расправи и промени особено во делот на правните лекови се оставаат за темелната реформа на процесното право. Вам ви е видливо дека во овој текст на законот не постои институтот затвор заради судење, или оној институтот кој што се сметаше дека може да го премости прекусиот рок од три месеци на траењето на притворот утврден со Уставот Би сакал овој пат заради јавноста, но и заради пратеници во парламентот да дадам појаснување за односот на Советот на Европа бидејќи тука имаше недоволно точно пренесување на тој однос во јавноста. Имено Советот на Европа прецизно укажа дека членот 6 од Конвенцијата за човековите права од Европската конвенција за човековите права во делот што се однесува на притворот нужно треба да се толкува дека притворот не смее да трае долго и на тој начин да ги наруши правата на граѓанинот од брзо излегување пред судот и расчистување со обвинувањето, но тој во исто време не треба да се толкува в ва начин дека притворот треба да биде и премногу краток бидејќи во таков услови во многу случаи самиот граѓанин што е обвинет не може до крај да ја заштити, односно да го заштити својот интерес

бидејќи не може до крај доволно да ја докаже евентуалната своја невиност. Од тие причини Советот укажа дека решението на таквата уставна норма е пред се прашаше на промена на самиот Устав. Но укажа дека е можно како негова сугестија во една така наречена артифициелна конструкции правна да се премости истото во одредени случаи со судска строга контрола па на таа основа практично Советот на Европа немаше негативен однос кон затворот за судеше го сметаше како една практична норма која што навистина ја врзуваше со уставното судство. Но, бидејќи преценивме дека уставното судство кај нас е ригорозн во смисла на тврдо толкување на нормата, бидејќи проценивме дека во правната јавност веќе се подготвени можеби и повеќе од 10 пријави на тој институт до Уставниот суд ние го тргнавме од постапката институтот затвор за судеше што значи Владата се откажа од тој институт бидејќи тежиштето на целокупниот закон ќе беше поместено на тој институт и целокупниот закон ќе беше вреднуван од становиште на тој институт во една бескрајна така да се каже противречна правна и политичка расправа. Значи, останува во овој момент да бидеме свесни, но како парламент е важно да се потенцира тоа, останува сите проблеми поврза со прекраткиот уставен рок за притворот кој што повеќекратно негативно се образува врз политиката на гонењето на криминалот врз превенцијата на криминалот и врз така да речам општото влијание превенцијата не само во однос на конкретни тешки форми, туку и врз генералната превенцијата на криминалот. Неколку стотини тешки сторители на кривични дела практично по основ на тоа уставно решение се надвор од притвор. Нивните предмети не можат ефикасно да бидат завршени пред судовите, а дел од нив најтешките сторители се недостапни на правдата. Што значи дека парламентот веројатно во едно догледно време ќе треба да најде сили да го покрене прашањето на притворот на ниво на уставен амандман.

Другите решенија се видливи и за вас почитувани пратеници од образложението и другите новини во рамките на законот за кривична та постапка воопшто да кажам дека навистина овој е многу значаен закон кој што доколку се донесе, а се надевам дека ќе се донесе и препорачувам на Собранието да го донесе, тогаш новото судство или новиот судски систем во нашата Република ќе постапува по овој прв закон за кривична постапка на Република Македонија кој што е усогласено или хармонизиран со меѓународните стандарди и со компаративното право и со Уставот на Република Македонија. Ако овој закон не биде донесен тогаш нужно ќе се применува тој што е на сила, а кој што е во дискрепанца, или во една голема мерка во спротивност со Уставот на Република Македонија од становиште на заштитата на правата и слободите, а во исто време исто така во еден голем расчекор од заштитата на човековите слободи и права со меѓународните норми. Практично, ние во тој случај би биле во тоа право и вон таа корпа на човекови слободи и права што Уставот ја има промовирано уште на 17 ноември 1991 година.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, добро е што дојде времето да и оваа процесна материја да се прилагодува кон постојната уставна регулатива бидејќи досегашната регулатива не само што беше во колизија со Уставот на Република Македонија, туку беше и во колизија со некои важни меѓународни документи важни за Европските држави како што е меѓународниот пат за човековите политички и граѓански права и од Европската конвенција за правата на човекот.

Според мене предложениот текст, тоа го кажа и министерот содржи подосна новини, важни новации и радикални решенија заради објективна

и непристрасно судење особено се посветува внимание на слободата и правата на човекот и како таков треба да се поддржи. Јас накратко таксативно ќе ги набројам некои новации во однос на предложениот текст.

Прво, кај институтот според текстот приведување на граѓани се предвидува децидивно дека приведениот граѓанин веднаш треба да би известено за причините за што е приведено,. затоа за што се обвинува конкретно, потоа се советува за неговото право дека има право да молчи, потоа се сведува дека има право да обезбедува бранител односно адвокат и од него не може да се бара изјава односно поконкретно не може да се присили да поднесува изјава.

Второ, предлог законот веќе реков дека посебно внимание им посветува на првата и слободите на граѓаните. И предвидува дека правата и слободите на граѓаните можат да се ограничуваат само во нужна мера, значи само во мера која е нужна заради судење и обезбедување на странката односно лицето и само под услови и со постапка предвидена со закон. Со оваа формулација според мое мислење ќе се придонесе да се елиминираат можностите за полициска и судска злоупотреба, полициски арбитраризам, полициски волонтаризми итн.

Трето, што сметам тека е важно позитивно е и во согласност со меѓународните, односно европските стандарди тоа што се предвидува дека приведеното лице, на приведеното лице треба да му се овозможува одбрана, односно обезбедува адвокат, или бранител дури и во полициската постапка, право кое досега во кривично правна, процесно правна регулатива досегашна странката, односно лицето, или граѓанинот го немало.

Четврто се елиминираат повеќе ограничувања. Едно од тие ограничувања е надзорот во комуникацијата која се вброи помеѓу бранителот и клиентот со новата регулатива која ни се нуди тука со Предлог законот за кривична постапка тој надзор не е овозможен и тоа е позитивно.

VI/6.-

Петто, се предвидува право на судење на разумен рок, од 90 дена. Имено, овој рок се предвидува и со Уставот на Република Македонија и оттука можат да произлезат најмалку две позитивни работ Првата работа е тоа што нема предолго да се малтретира обвинетото лице. Второ тоа ќе доведе до поголема ефикасност во судството што е голема слабост на нашиот правосуден систем.

Шесто, се напушта досегашното решение дека молчењето може да оди на штета на странката однсоно обвинетиот, или приведеното лице. Со решението кое ни се нуди тука приведеното лице, или лицето кое е обвинето се советува дека има право да молчи и дека тоа молчење не може да оди на штета на неговата положба.

Седмо, според предложениот закон се смета дека доказите кои се прибавени на незаконит начин се сметаат за невалидни. Ние сме сведоци и праксата е полна со примери на досегашната пракса каде сме имале монструозно малтретирање особено кај тие таканаречени политички кривични дела. Со оваа формулација која стои во предлогот мислам дека ќе се оневозможи употреба на сила, закана со сила, употреба на разни средства кои и досега во досегашното процесно право беа декларативно предвидени, меѓутоа, ефективно од тоа ништо. Потоа, се забранува психолошкиот притисок, се забранува создавање на одредени услови кои влијаат врз прихата на обвинетиот итн.

Осмо, во однос на јазикот ако сакаме да бидеме објективни можеме да кажеме дека е направен чекор напред без оглед на тоа како беше образложено тука тоа е направено со иницијатива да не кажам притисок од меѓународната заедница итн., или прифаќање на некои акти, меѓутоа тоа си е факт. Направен е добар чекор не само во однос на тоа дека странката во пост кривичната постапка може да се изразува на овој јазик туку и поднесоците односно служба, приговорот, жалбата итн.,

можат да се поднесуваат на јазикот на националноста а исто така припадникот ва националноста писмената ќе ги добива на овој јаз односно како што стои во предлогот на јазикот со кој се служи во постапката. Исто така, поканата ќе се прима двојазично и тука не се однесува територијално како што беше во законот во парнична постапка во единиците на локална самоуправа каде припадниците на националноста живеат во мнозинство, туку е персонално е поврзано со лицето.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Значи, без оглед на тоа дали тие живеат во една единица во значително мнозинство тие го имаат тоа право, меѓутоа, сметам дека формулацијата треба да се допрецизира да не не доведе до некој апсурд. Имено, по кој основ судот се констатира странката односно лицето, обвинетиот е до некоја националност, па поканата треба да ја достави на тој јазик. Априорно треба да се констатира неговиот национален идентитет и врз која форма тоа ќе се направи. Сметам дека во натамошната трансформација и реформирање на судската постапка ќе се оди чекор понатаму и сметам дека ќе се направи јасна дистинкција што е употреба на јазикот заради лична заштита на странката односно обвинетиот заради пообјективно остварување на оставката или второ, заради уставната обврска за правото односно официјалната употреба на јазикот во судството и тоа не само во постапката, туку и во администрацијата на судството.

Сметам дека со Законот за државна управа е можно кој би требало да се усвои во блиска иднина ќе се покријат повеќе сегменти па очекувам и администрацијата во судството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на членовите 7 став 1, 8 став 2 и 9 став 2 и на член 9 став 3.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 456 за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за додавање

на зборовите "Предлог на закон за кривична постапка" пред дел I, на член 3 став 1, член 22 став 8,член 74 став 1, член 161 став 9, член 220 и на насловот на глава XXXI , на членовите од 509 до 525 и на член 524 став 1 и 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Туше Гошев поднесе амандман на член 142 став 3 и 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Владе Давитковски поднесе амандмани на член 66 став 2, на членовите 178 став 3, член 254 став 2, 257 став 1, 258 став 1, 292 став 2, 322 став 3, 345 став 2 и 530 став 1 точка 3 и 4, член 345 став 2 и 4, член 349 став 2 и на член 423, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандман на член 142 став I по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандмани на член 6 за додавање два нови ставови 2 и 3, член 7 став 1 и на член 9 за преформулирање на ставовите 2 и 3 во еден став 2, по кои Владата не се произнела.

Меѓутоа, очигледно ние не ќе можеме да работиме, па молам сите пратеници да влезат во салата.

(Пауза до 15,00 часот.)

Информиран сум дека биле ва ручек.

Не можеме да водиме амандманска расправа без кворум.

(Пауза од 14,35 до 16,00 часот.)

Очигледно не ќе можеме да работиме, дополнително ќе бидете известени за продолжувањето на седницата.

(Седницата заврши со работа во 16,00 часот).